СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА
ODA STOMATOLOGJIKE E MAQEDONISË
MACEDONIAN DENTAL CHAMBER

Бр. 02-1046/3
Скопје, 27.10.2021 година

Врз основа член 120 став (2) од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 43/12, 145/12, 65/13, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 101/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16, 37/16 и 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19, 153/19, 180/19, 275/19, 77/21, 122/21 и 178/21) и член 21 став (1) алинеја 14 и 15, а во врска со член 81 од Статутот на Стоматолошката комора на Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 118/21) и член 25 од Деловникот за работа на Собранието на СКМ, **Собранието на Стоматолошката комора на Македонија**, на својата **11-та** седница, одржана на ден **27.10.2021** година донесе

**ОДЛУКА**
за усвојување
на **ПРАВИЛНИК**
**за изменување на Правилникот за поблиски критериуми во однос на образованието и работното искуство што треба да ги исполнуваат едукаторите за спроведување на пробната работа на здравствени работници со високо образование од областа на стоматологијата**

**Член 1**

Во Правилникот за поблиски критериуми во однос на образованието и работното искуство што треба да ги исполнуваат едукаторите за спроведување на пробната работа на здравствени работници со високо образование од областа на стоматологијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 115/17) во **член 2 став (2) алинејата 4** се заменува со **нова алинеја**, која гласи:
„ - да има искуство од најмалку еден лиценцен период во областа на општата стоматологија, односно од областа на специјализацијата соодветна за делот на стажот кој се спроведува согласно подзаконскиот акт со кој се пропишува планот и програмата за приправничкиот стаж на здравствените работници со високо образование и образецот и начинот на водење на приправничката книшка.“

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе се применува по добивањето на согласност од министерот за здравство и објава во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

**Собрание на Стоматолошка комора на Македонија**
**Претседател,**
**д-р Оливер Манасиев**

М.П. ____________________

ул „Балзакова“ бр. 32, Скопје
+389 (02) 3246 851/852
skm@skm.mk
www.skm.mk